Република Северна Македонија

Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНО-НАДЗОРНИ РАБОТИ

Дата 16-10-2023

Арх.бр 18-5806/7

**Извештај**

**за извршен надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво на Општина Ресен за 2023 година**

Комисијата за вршење надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво, формирана од страна на министерот за животна средина и просторно планирање со Решение бр. 18-1096/1 од 06.02.2023 година, а согласно Планот за вршење на надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животнага средина на локално ниво донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1096/2 од 16.02.2023 година спроведе надзор на законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на Општина Ресен. Надзорот е извршен врз основа на прашалник кој претходно беше доставен до надлежните органи од страна на министерството, а потоа пополнет и доставен по мејл од страна на Општина Ресен.

Во областа на спроведувањето на Законот за инспекциски надзор во животната средина, може да се набројат неколку точки согласно одговорите во прашалникот, имено:

1. Согласно Актот за систематизација, инспекцискиот надзор во Општина Ресен е организиран како Одделение за инспекциски надзор – инспекторат при што е предвидено едно работно место за инспектор за животна средина, кое е пополнето од 2006 година;
2. Не е воспоставена заедничка администрација за вршење инспекциски надзор во областа на животната средина со други општини;
3. Општината нема поднесено предлог програма за инспекциски надзор во животната средина бидејќи Државниот инспекторат за животната средина досега не ја побарал од нив;
4. Општината има изготвено Годишен план за работа на Одделението за инспекциски надзор, кој е поднесен до Градоначалникот на Општина Ресен и до Државниот инспекторат за животна средина;

5. Општината има обезбедено возило за вршење на инспекциски надзор кое се користи по потреба;
6. При вршење на инспекциски надзор овластениот инспектор за животна средина користи листи на проверка;
7. За извршените инспекциски надзори овластениот инспектор сеуште не изготвува извештаи со оглед на одложената примена на оваа одредба;
8. Во текот 2022 година се направени вкупно 53 инспекциски надзори, од кои 6 редовни извршени над инсталациите кои поседуваат Б-интегрирана еколошка дозвола, 23 се вонредни инспекциски надзори извршени согласно претходно добиено барање за увид на лице место, додека пак останатите 24 надзори се извршени во субјекти согласно план за работа. Некои од надзорите се извршени согласно Законот за животна средина, а други, пак, се спроведени согласно Законот за управување со отпад, Законот за води, како и Законот за квалитет на амбиентен воздух;
9. Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор се утврди дека субјектот не се придржува кон техничките прописи, стандарди законите и останатите акти и покрај определувањето на рокот до кој неправилностите треба да се отстранат, инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочка постапка пред надлежен орган. Зависно од прекршокот, инспекторот може да покрене и постапка за порамнување или спогодување пред надлежниот орган;
10. Општина Ресен има потреба од обуки за инспекциски надзор за инспекторите и градоначалникот;
11. Општина Ресен се изјасни дека има потешкотии при донесување на акти поради недореченост односно недостатоци во самите закони.

**Согласно член 43 (3) од Законот за инспекциски надзор во животната средина, Министерството за животна средина и просторно планирање ги дава следните укажувања, насоки и мерки за понатамошни постапувања:**

- **Да се постапи согласно член 12 (4) од Законот за инспекциски надзор односно предлог програма за инспекциски надзор во животната средина да се**

достави до Државен инспекторат за животна средина (рок за постапување – 6 месеци).

- Да се постапи по член 14 од Законот за инспекциски надзор во животната средина односно годишниот план да го достави на мислење до МЖСПП (рок за постапување – 6 месеци).
- Општината да обезбеди соодветна опрема за вршење на инспекциски надзор согласно видот на надзорот, како и заштитна опрема за лична безбедност при вршење на инспекциски надзор, воедно и осигурување за инспекторите од ризици настанати при работа согласно член 19 од Законот за инспекциски надзор во животната средина согласно кој за вршење инспекциски надзор во животната средина, покрај општите услови за работа утврдени во прописите за работни и административни односи, на инспекторите треба да им се обезбедат и посебни услови за работа со кои ќе се гарантира соодветен степен на заштита. (рок за постапување – 12 месеци)

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина Општина Ресен треба да постапи по горенаведените укажувања и по изминување на дадениот рок да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање со писмен допис.

Скопје, 2023 година

Претседател на Комисија
Тања Пауновска ____________

Членови на Комисијата:
Тања Кироска Донски ____________
Lumni Jashari ____________